Република Македонија
Бр. ________________
___.____.________ година
С к о п ј е

**МИНИСТЕРСТВО ЗА ФИНАНСИИ**

ДО ГЕНЕРАЛНИОТ СЕКРЕТАР
НА ВЛАДАТА НА РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА

**Име на материјалот:** Предлог на Закон за задолжување на АД МЕПСО со заем кај Европската банка за обнова и развој по Договорот за заем по Проектот „Ревитализација и модернизација на преносната мрежа и управување со електроенергетскиот систем“ без државна гаранција, по скратена постапка

ЕПП.бр.______:

Усогласеност со Годишната програма на Владата: НЕ

**Усогласеност со член 68 од Деловникот за работа на Владата:**
ДА

**Предлог на која седница на Влада да се разгледа материјалот:**
На првата наредна седница на Владата

**Карактер на материјалот:**
III. слободен пристап

**Итност на материјалот:** Итен карактер

**Прилог:**
- Образец за фискални импликации;
- Образец за проценка на влијание на регулативата;
- Договор за заем на македонски и англиски јазик

Дата на доставување на материјалот:
_____.______.____________ година

ПОТПИС:

Зоран Ставрески
Заменик Претседател на Влада и
Министер за финансии

Изработил:Андреа Лазаревска/Наташа Лазаровска
Проверил: м-р Андрија Алексоски
Одобрил: Дејан Николовски
Согласен: Наташа Стојмановска

Република Македонија

МИНИСТЕРСТВО ЗА ФИНАНСИИ

*МЕМОРАНДУМ*

Предлог на Закон
за задолжување на АД МЕПСО со заем кај Европската банка за обнова и развој по Договорот за заем по Проектот „Ревитализација и модернизација на преносната мрежа и управување со електроенергетскиот систем“ без државна гаранција, по скратена постапка

Зоран Ставрески
Заменик Претседател на Влада и
и Министер за финансии

Скопје, ноември 2013

ПРЕТСТАВНИЦИ:
м-р Зоран Ставрески,  заменик претседател на Влада и министер за финансии
г-дин Ардиан Целадини, заменик министер за финансии

ПОВЕРЕНИЦИ:
Наташа Стојмановска, државен секретар, Министерство за финансии
Дејан Николовски, раководител на Сектор, Министерство за финансии

Предлог на Закон
за задолжување на АД МЕПСО со заем кај Европската банка за обнова и развој по Договорот за заем по Проектот „Ревитализација и модернизација на преносната мрежа и управување со електроенергетскиот систем“ без државна гаранција, по скратена постапка

Скопје, ноември 2013

Република Македонија
ВЛАДА НА РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА
бр. _________
од _________
Скопје

До Претседателот на Собранието
на Република Македонија

Врз основа на член 91 алинеја 2 од Уставот на Република Македонија, членовите 132, 137 и 170 алинеја 1 од Деловникот на Собранието на Република Македонија, Владата на Република Македонија Ви поднесува Предлог на Закон за задолжување на АД МЕПСО со заем кај Европската банка за обнова и развој по Договорот за заем по Проектот „Ревитализација и модернизација на преносната мрежа и управување со електроенергетскиот систем“ без државна гаранција, по скратена постапка што го утврди на седница _______________________________________.

За претставници на Владата на Република Македонија во Собранието се определени, м-р Зоран Ставрески, заменик претседател на Влада и министер за финансии и г-дин Ардиан Џеладини, заменик министер за финансии, а за повереници Наташа Стојмановска, државен секретар и Дејан Николовски, раководител на Сектор за меѓународни финансиски односи и управување со јавен долг во Министерството за финансии.

ПРЕТСЕДАТЕЛ НА ВЛАДАТА НА РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА
м-р Никола Груевски

ВОВЕД:

I. ОЦЕНА НА СОСТОЈБИТЕ ВО ОБЛАСТА ШТО ТРЕБА ДА СЕ УРЕДИ СО ЗАКОНОТ И ПРИЧИНИ ЗА ДОНЕСУВАЊЕ НА ЗАКОНОТ:

Реализацијата на Проектот "Ревитализација и модернизација на преносната мрежа и управување со електроенергетскиот систем" во износ од 40.500.000 евра го сочинуваат следните компоненти:

1. Ревитализација на 110 kV далекуводи постари од 40 години со замена на старите столбови, далекуводно јаже, овесна опрема, изолатори и соодветно прилагодување за влез/излез во трафостаници.

Со оваа компонента се планира ревитализација на 110 kV далекуводи со експлоатационен век помеѓу 40 и 50 години. Со ревитализацијата се планира замена на старите бетонски столбови со нови столбови, како и замена на постоечкото проводно јаже и спојна и овесна опрема и прилагодување за влез/излез во трафостаници.

2. Далечинско следење, видео надзор, управување и прилагодување на трафостаници

Имплементацијата на опремата и софтверските апликации за видео надзор над електроенергетските објекти на АД МЕПСО ќе овозможи: далечински надзор и управување со електроенергетските објекти во делот на високиот напон, како и зголемена доверливост во далечинскиот надзор и управување со високонапонската опрема во електроенергетските објекти.

3. Функционално затворање на оптичката мрежа во рамките на преносната мрежа и изработка на модел за максимално искористување

Во рамките на оваа компонента ќе се изврши набавка и монтажа на дополнително оптичко заштитно јаже на далекуводи во должина од околу 200 км, набавка и инсталација на соодветна пропратна и останата опрема со цел максимално управување и искористување на оптичката мрежа.

4. Ревитализација на трафостаници

Проектот содржи набавка на опрема за трафостаници и тоа високонапонска примарна и секундарна опрема.

Набавката произлегува како резултат на реалните технички потреби идентификувани од различни аспекти и тоа:

- старост на опремата над 30 години и неможност за набавка на резервни делови,

- отежнато одржување и управување на опремата,
- лоши резултати од испитување на опремата која е во функција,
- опасност по вработените и околината при манипулација со опремата.

5. Работна група за имплементација на проектот „Ревитализација и модернизација на преносната мрежа и управување со електроенергетскиот систем“ со консултантски услуги

Активностите на работната група се во насока на реализација на целокупниот проект каде се вклучени и консултантските услуги кои ќе опфаќаат: ревизија и одобрување на тендерската документација подготвена од страна на АД МЕПСО вклучувајќи дефинирање на минимални квалификациони и евалуациони критериуми и услови на тендерирање, препораки и технички совети во фаза на дефинирање на техничко решение при припрема на тендерска документација, поддршка при евалуација на понудите, ревизија на извештајот од евалуација на понудите, подготовка на модел за максимално и оптимално искористување на капацитетот на оптичката мрежа на АД МЕПСО и др.

Преговорите со претставниците на ЕБОР за склучување на Договорот за заем за „Ревитализација и модернизација на преносната мрежа и управување со електроенергетскиот систем“ кој треба да се склучи меѓу АД МЕПСО и ЕБОР успешно завршија на 30.10.2013 година.

Овој проект ќе се реализира со средства од заем од ЕБОР за кои Република Македонија нема да издаде државна гаранција. Правата и обврските на АД МЕПСО се дефинирани во Договорот за заем кој ќе биде потпишан од страна на АД МЕПСО.

Датумот на затварање на проектот е 4 години од датумот на потпишување на Договорот за заем.

Услов за склучување на Договорот за заем е донесување на Законот за задолжување, согласно постапката за задолжување со склучување на Договор за заем утврдена во Законот за јавен долг („Службен весник на Република Македонија“ бр. 62/05, 88/08 и 35/2011).

Оттука, Владата на Република Македонија изготви Предлог на Закон за задолжување на АД МЕПСО со заем кај Европската банка за обнова и развој по Договорот за заем по Проектот „Ревитализација и модернизација на преносната мрежа и управување со електроенергетскиот систем“ без државна гаранција, по скратена постапка кој го доставува до Собранието на Република Македонија за усвојување.

Согласно член 16 став 5 од Законот за јавен долг („Службен весник на Република Македонија“ бр. 62/05, 88/08 и 35/2011), АД МЕПСО може да го склучи договорот за заем со Европската банка за обнова и развој по донесување Закон за задолжување на АД МЕПСО со заем кај Европската банка за обнова и развој по Договорот за заем по Проектот „Ревитализација и модернизација на преносната мрежа и управување со електроенергетскиот систем“ без државна гаранција, по скратена постапка.

II. ЦЕЛИ, НАЧЕЛА И ОСНОВНИ РЕШЕНИЈА:

Со реализација на Проектот првенствено се очекува:

- заштеда на средства за одржување на опремата во сите трафостаници каде што е планирана инсталација на нова опрема, како и заштеда поради спречување на можни дефекти и хаварии на преносните елементи со зголемување на техничката сигурност и доверливост на опремата за трафостаници;
- зголемен квалитет на испорака на електрична енергија според националните и меѓународните стандарди;
- зголемена сигурност во снабдувањето со електрична енергија на корисниците од преносниот систем и намалување на можни штети кои би настанале заради неиспорака на електрична енергија;
- Надзор над електроенергетските објекти;
- Зголемена доверливост во далечинскиот надзор и управување со високонапонската опрема во електроенергетските објекти;
- Обезбедувањето на можност за целосно надгледување на електропреносниот систем кое е потребно за да се овозможи оптимално управување со системот;
- Намалување на оперативните трошоци и трошоците за одржување во трафостаниците;
- Поврзување на сите електроенергетски објекти во една независна телекомуникациска мрежа за пренос на податоци;
- Поврзување со соседните телекомуникациски мрежи за пренос на податоци на Србија, Бугарија, Грција, Албанија и др.

Основно начело врз основа на кое се заснова овој Предлог на Закон е обезбедување на финансиски средства за да се овозможи реализација на Проектот „Ревитализација и модернизација на преносната мрежа и управување со електроенергетскиот систем“.

Оттука, АД МЕПСО и ЕБОР ќе склучат Договор за заем наменет за реализација на Проектот „Ревитализација и модернизација на преносната мрежа и управување со електроенергетскиот систем“ во износ од 25.000.000 евра.

III. ОЦЕНА НА ФИНАНСИСКИТЕ ПОСЛЕДИЦИ ОД ПРЕДЛОГОТ НА ЗАКОН ВРЗ БУЏЕТОТ И ДРУГИТЕ ФИНАНСИСКИ СРЕДСТВА:

Вкупната вредност на Проектот изнесува 40.500.000 евра, од кои 25.000.000 евра ќе се обезбедат со заем од ЕБОР, додека преостанатиот дел во износ од 15.500.000 евра ќе се обезбедат од сопствени средства на АД МЕПСО.

Заемот ќе биде доделен на АД МЕПСО под следните услови:

Рок на отплата од 15 години со вклучен грејс период од 3 години. Заемот ќе се отплаќа дванаесет години на секој 20-ти јуни и 20-ти декември. Отплатата почнува од 20-ти декември 2016 година.

Каматната стапка е еднаква на шестмесечен ЕУРИБОР зголемен за 3 % на годишно ниво.

Еднократна провизија – АД МЕПСО ќе и плати на Европската банка за обнова и развој еднократна провизија во износ од 190.000 евра.

Провизија за неповлечени средства- За износот на неповлечените средства од заемот на

Европската банка за обнова и развој ќе и се плаќа провизија на годишно ниво во висина од 0,5% од износот на неповлечените средства од заемот.

Казнена камата - Доколку не се платат обврските во предвидените рокови согласно Договорот за заем, АД МЕПСО ќе плаќа казнена камата во висина на годишната каматна стапка зголемена за 2% годишно.

## IV. ПРОЦЕНА НА ФИНАНСИСКИТЕ СРЕДСТВА ПОТРЕБНИ ЗА СПРОВЕДУВАЊЕ НА ЗАКОНОТ, НАЧИН НА НИВНО ОБЕЗБЕДУВАЊЕ, ПОДАТОЦИ ЗА ТОА ДАЛИ СПРОВЕДУВАЊЕТО НА ЗАКОНОТ ПОВЛЕКУВА МАТЕРИЈАЛНИ ОБВРСКИ ЗА ОДДЕЛНИ СУБЈЕКТИ:

Финансиските средства потребни за спроведување на овој закон се образложени во Дел 3 на овој Предлог закон и во Образецот за проценка на фискалните импликации даден во прилог на овој материјал.

## V. СКРАТЕНА ПОСТАПКА ЗА ДОНЕСУВАЊЕ НА ЗАКОН ЗА ЗАДОЛЖУВАЊЕ НА АД МЕПСО СО ЗАЕМ КАЈ ЕВРОПСКАТА БАНКА ЗА ОБНОВА И РАЗВОЈ ПО ДОГОВОРОТ ЗА ЗАЕМ ПО ПРОЕКТОТ „РЕВИТАЛИЗАЦИЈА И МОДЕРНИЗАЦИЈА НА ПРЕНОСНАТА МРЕЖА И УПРАВУВАЊЕ СО ЕЛЕКТРОЕНЕРГЕТСКИОТ СИСТЕМ“ БЕЗ ИЗДАВАЊЕ НА ДРЖАВНА ГАРАНЦИЈА

Со оглед на тоа што се исполнети случаите утврдени во член 170 алинеја 1 од Деловникот на Собранието на Република Македонија, односно не е во прашање донесување на сложен и обемен закон, се предлага Законот за задолжување на АД МЕПСО со заем кај Европската банка за обнова и развој по Договорот за заем по Проектот „Ревитализација и модернизација на преносната мрежа и управување со електроенергетскиот систем“ без државна гаранција, да се донесе по скратена постапка.

Предлог на
Закон за задолжување на АД МЕПСО со заем кај Европската банка за обнова и развој по Договорот за заем по Проектот „Ревитализација и модернизација на преносната мрежа и управување со електроенергетскиот систем“ без државна гаранција

Член 1

АД МЕПСО се задолжува кај Европската банка за обнова и развој со заем во износ од 25.000.000 евра, наменет за реализација на Проектот „Ревитализација и модернизација на преносната мрежа и управување со електроенергетскиот систем“.

Член 2

Условите и начинот на користење на заемот од член 1 од овој закон, се утврдуваат со Договор за заем за Проектот „Ревитализација и модернизација на преносната мрежа и управување со електроенергетскиот систем“, кој ќе се склучи помеѓу АД МЕПСО и Европската банка за обнова и развој.

Во име на АД МЕПСО, Договорот за заем од став 1 на овој член ќе го потпише директорот на АД МЕПСО.

Член 3

Рокот за отплата на заемот од член 1 од овој закон е 15 години, со вклучен грејс период од три години.

Каматната стапка е еднаква на шестмесечен ЕУРИБОР зголемен за 3 % на годишно ниво.

Заемот ќе се отплаќа дванаесет години на секој 20-ти јуни и 20-ти декември.

АД МЕПСО и плаќа на Европската банка за обнова и развој еднократна провизија во висина од 190.000 евра.

За износот на неповлечените средства од заемот од член 1 од овој закон, на Европската банка за обнова и развој се плаќа провизија на годишно ниво во висина од 0,5% од износот на неповлечените средства од заемот.

На обврските поврзани со заемот од член 1 од овој закон кои нема да се платат во предвидените рокови, ќе се плаќа казнена камата во висина на годишната каматна стапка од став 2 на овој член, зголемена за 2% на годишно ниво.

Член 4

АД МЕПСО заемот од член 1 на овој закон, ќе го отплаќа од сопствени средства.

Член 5

Овој закон влегува во сила со денот на објавувањето во "Службен весник на Република Македонија".

ОБРАЗЛОЖЕНИЕ НА ПРЕДЛОГ – ЗАКОНОТ

I. ОБЈАСНУВАЊЕ НА СОДРЖИНАТА НА ОДРЕДБИТЕ НА ПРЕДЛОГ ЗАКОНОТ:

Проектот "Ревитализација и модернизација на преносната мрежа и управување со електроенергетскиот систем" го сочинуваат следните компоненти:

1. Ревитализација на 110 kV далекуводи постари од 40 години со замена на старите столбови, далекуводно јаже, овесна опрема, изолатори и соодветно прилагодување за влез/излез во трафостаници
2. Далечинско следење, видео надзор, управување и прилагодување на трафостаници
3. Функционално затворање на оптичката мрежа во рамките на преносната мрежа и изработка на модел за максимално искористување
4. Ревитализација на трафостаници
5.Работна група за имплементација на проектот „Ревитализација и модернизација на преносната мрежа и управување со електроенергетскиот систем" со консултантски услуги.

Дел од потребните средства за реализација на овој проект во износ од 25.000.000 евра ќе бидат обезбедени преку заем од ЕБОР. За таа цел, ќе се склучи Договор за заем меѓу АД МЕПСО и ЕБОР по Проектот "Ревитализација и модернизација на преносната мрежа и управување со електроенергетскиот систем" без државна гаранција.

Услов за склучување на Договорот за заем е донесување на закон за задолжување, согласно постапката за задолжување со склучување на Договор за заем, утврдена во Законот за јавен долг ("Службен весник на Република Македонија"бр. 62/05, 88/08 и 35/2011).

Согласно член 16 став 5 од Законот за јавен долг („Службен весник на Република Македонија" бр. 62/05, 88/08 и 35/2011), АД МЕПСО може да го склучи договорот за заем со Европската банка за обнова и развој по донесување на Закон за задолжување на АД МЕПСО со заем кај Европската банка за обнова и развој по Договорот за заем по Проектот „Ревитализација и модернизација на преносната мрежа и управување со електроенергетскиот систем" без државна гаранција.

Вкупната вредност на Проектот изнесува 40.500.000 евра, од кои 25.000.000 евра ќе се обезбедат со заем од ЕБОР, додека преостанатиот дел во износ од 15.500.000 евра ќе се обезбедат од сопствени средства на АД МЕПСО.

Заемот ќе биде доделен на АД МЕПСО под следните услови:

Рок на отплата од 15 години со вклучен грејс период од 3 години. Заемот ќе се отплаќа дванаесет години на секој 20-ти јуни и 20-ти декември. Отплатата почнува од 20-ти декември 2016 година.

Каматната стапка е еднаква на шестмесечен ЕУРИБОР зголемен за 3 % на годишно ниво.

Еднократна провизија – АД МЕПСО ќе и плати на Европската банка за обнова и развој еднократна провизија во износ од 190.000 евра од износот на заемот.

Провизија за неповлечени средства- За износот на неповлечените средства од заемот на Европската банка за обнова и развој ќе и се плаќа провизија на годишно ниво во висина од 0,5% од износот на неповлечените средства од заемот.

Казнена камата- Доколку не се платат обврските во предвидените рокови согласно Договорот за заем, АД МЕПСО ќе плаќа казнена камата во висина на годишната каматна стапка зголемена за 2% годишно.

Поради итноста на потребата за склучување на Договорот за заем со цел обезбедување на средства и отпочнувањето на Проектот, овој закон треба да влезе во сила со денот на објавувањето во "Службен весник на Република Македонија".

II. МЕЃУСЕБНА ПОВРЗАНОСТ НА РЕШЕНИЈАТА СОДРЖАНИ ВО ПРЕДЛОЖЕНИТЕ ОДРЕДБИ:

Предложените одредби претставуваат генерален опис на финансиските услови под кои ќе биде склучен Договорот за заем.

III. ПРИДОБИВКИ ШТО ЌЕ ПРОИЗЛЕЗАТ ОД ПРЕДЛОЖЕНИТЕ РЕШЕНИЈА:

Од реализација на овој проект најголемите ефекти се гледаат во:

- зголемена сигурност во снабдувањето со електрична енергија на корисниците од преносниот систем и намалување на можни штети кои би настанале заради не испорака на електрична енергија;
- зголемен квалитет на испорака на електрична енергија според националните и меѓународните стандарди;
- заштеда на средства за одржување на опремата во сите трафостаници каде што е планирана инсталација на нова опрема, како и заштеда поради спречување на можни дефекти и хаварии на преносните елементи со зголемување на техничката сигурност и доверливост на опремата за трафостаници;
- Надзор над електроенергетските објекти;
- Зголемена доверливост во далечинскиот надзор и управување со високонапонската опрема во електроенергетските објекти;
- Обезбедувањето на можност за целосно надгледување на електропреносниот систем кое е потребно за да се овозможи оптимално управување со системот;
- Намалување на оперативните трошоци и трошоците за одржување во трафостаниците;
- Поврзување на сите електроенергетски објекти во една независна телекомуникациска мрежа за пренос на податоци;
- Поврзување со соседните телекомуникациски мрежи за пренос на податоци на Србија, Бугарија, Грција, Албанија и др.

*ОБРАЗЕЦ ЗА ПРОЦЕНКА НА ФИСКАЛНИТЕ ИМПЛИКАЦИИ НА ПРЕДЛОГ ПРОПИСИТЕ И ОПШТИТЕ АКТИ ДОСТАВЕНИ ДО ВЛАДАТА НА РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА ЗА НИВНО УСВОЈУВАЊЕ*

| | | |
|---|---|---|
| •Назив на предлогот: Предлог на Закон за задолжување на АД МЕПСО со заем кај Европската банка за обнова и развој по Договорот за заем по Проектот „Ревитализација и модернизација на преносната мрежа и управување со електроенергетскиот систем“ без државна гаранција, по скратена постапка | •Министерство/орган на државна управа: Министерство за финансии/ АД МЕПСО | |
| •Цел на предлогот: Обезбедување на средства за финансирање на Проектот „Ревитализација и модернизација на преносната мрежа и управување со електроенергетскиот систем“. | •Вид на предлог: Предлог на Закон за задолжување на АД МЕПСО со заем кај Европската банка за обнова и развој по Договорот за заем по Проектот „Ревитализација и модернизација на преносната мрежа и управување со електроенергетскиот систем“ без државна гаранција, по скратена постапка | |
| •Контакт лице и звање: Дејан Николовски, раководител на сектор | •Контакт тел./факс или е-пошта: Тел. 3106-381 dejan.nikolovski@finance.gov.mk | |

| | | | |
|---|---|---|---|
| •Активност: | | | |
| •Вид на барање: | ( ) Регулатива во врска со ЕУ<br><br>( ) Друга нова регулатива | ( ) Нова програма<br><br>( ) Зголемување/ намалување на постоечка програма | ( ) Прераспределба (на средства) помеѓу две програми<br>( ) Спојување на две или повеќе програми |
| 9. Цел на барањето / предложената активност: Со донесувањето на Законот за задолжување може да се пристапи кон склучување на Договорот за заем меѓу Европската банка за обнова и развој и АД МЕПСО со што се обезбедуваат потребните средства во износ од 25.000.000,00 евра за реализација на Проектот „Ревитализација и модернизација на преносната мрежа и управување со електроенергетскиот систем“. | | | |
| •Врска со владината програма: | | | |

| | | | | |
|---|---|---|---|---|
| •Фискални импликации: | (илјади денари) | | | |
| | 2013 | 2014 | 2015 | 2016 |

| | | | | |
|---|---|---|---|---|
| IV. Вкупни трошоци за предлогот<br>Плати<br>Стоки и услуги<br>Капитал<br>Трансфери<br>Вкупно | <br>0<br>0<br>0<br>0<br>0 | <br>0<br>0<br>0<br>0<br>0 | <br>0<br>0<br>0<br>0<br>0 | <br>0<br>0<br>0<br>0<br>0 |
| Б. Одобрени средства за предлогот<br><br>Плати<br>Стоки и услуги<br>Капитал<br>Трансфери<br>Вкупно | <br><br>0<br>0<br>0<br>0<br>0 | <br><br>0<br>0<br>0<br>0<br>0 | <br><br>0<br>0<br>0<br>0<br>0 | <br><br>0<br>0<br>0<br>0<br>0 |
| V. Промена (разлика) од одобрените средства (А-Б)<br>Плати<br>Стоки и услуги<br>Капитал<br>Трансфери<br>Вкупно | <br><br>0<br>0<br>0<br>0<br>0 | <br><br>0<br>0<br>0<br>0<br>0 | <br><br>0<br>0<br>0<br>0<br>0 | <br><br>0<br>0<br>0<br>0<br>0 |
| Г. Расположиви средства од прелевање (од други активности или програми во органот)<br>Плати<br>Стоки и услуги<br>Капитал<br>Трансфери<br>Вкупно | <br><br>0<br>0<br>0<br>0<br>0 | <br><br>0<br>0<br>0<br>0<br>0 | <br><br>0<br>0<br>0<br>0<br>0 | <br><br>0<br>0<br>0<br>0<br>0 |
| Д. Нето импликации на средствата на органот (Ц-Д)<br>Плати<br>Стоки и услуги<br>Капитал<br>Трансфери<br>Вкупно | <br><br>0<br>0<br>0<br>0<br>0 | <br><br>0<br>0<br>0<br>0<br>0 | <br><br>0<br>0<br>0<br>0<br>0 | <br><br>0<br>0<br>0<br>0<br>0 |
| Ѓ. Зголемување/намалување на приходите | | | | |
| Е. Дополнителни извори на финансирање или споделување на трошоците<br>Извор: заем од ЕБОР | | | | |
| •Нето зголемување/намалување на бројот на вработени во врска со предлогот | | | | |
| •Какви гаранции, заеми или други вистински или можни обврски ќе произлезат за Владата (а кои не се наведени во точка 11А до 11Г) | | | | |
| •Ако ова претставува барање за | | | | |

| | |
|---|---|
| дополнителни средства во тековната фискална година или надвор од нормалниот циклус на подготвување на буџетот, дадете образложение. | |
| •Дата на завршување на проценката | |
| •Дата на поднесување на анализата до Министерството за финансии за добивање мислење: | |
| •Дата на добивање одговор од Министерството за финансии: | |
| •Измени побарани од Министерството за финансии: | |
| Одговор на министерството-предлагач: | |
| Одговор од Министерството за финансии: | |
| •Дали мислењето на Министерството за финансии е дадено во прилог: | |
| •Одобрено/дата: | |

______________________________ __/___/_

**Потпис на државен секретар или директор на орган** Ден/месец/ год.

______________________ ___/___/

Зоран Ставрески
Заменик претседател на Влада и Министер за финансии
Ден/месец/год.

Изработил:Андреа Лазаревска/Наташа Лазаровска
Проверил:м-р Андрија Алексоски
Одобрил: Дејан Николовски